Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 26 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09 и 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __.12.2024 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Статутарна одлука**
**за измена и дополнување на Основен Статут на**
**Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес**

1.Со ова Решение се дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Основен Статут на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес, со арх.бр.02-615/3 од 04.12.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јанески с.р.

**Образложение**

На ден 06.12.2024 година до Советот на Општина Велес од страна на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес е доставена Статутарна одлука за измена и дополнување на Основниот Статут на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес, со арх.бр.02-615/3 од 04.12.2024 година.

Согласно член 26 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20): „На статутот на основното училиште согласност дава Министерството, по претходно добиено позитивно мислење од основачот”.

Врз основа на наведеното, се предлага ова Решение до Советот.

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

**С Т А Т У Т**

**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„ ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“-ВЕЛЕС**

со дел бр. 01-39/1 од 07.02.2021 година

**04.12.2024 година**

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр 02-615/3
04. 12. 2024 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 26 став 3 и член 108 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес, на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВЕН СТАТУТ НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со овој акт се врши измена и дополнување на Статутот на Општинско основно училиште „Васил Главинов“ Велес со дел бр. 01-39/1 од 07.02.2020 година за кој е добиена согласност од Министерството за образование и наука со бр.УП1 18-12378/2 од 07.12.2020 год. и статутарна одлука за измена и дополнување на основен статут со бр.УП1 18-163 од 08.06.2023 година.

**Член 2**

Членот 3 став 1 се менува и гласи:

„Воспитно- образовната работа во ООУ „Васил Главинов“ Велес се остварува на македонски јазик и неговото кирилично писмо“.

**Член 3**

Во членот 4 став 4 се менува и гласи:

„ООУ „Васил Главинов“ Велес во својот состав го има ПУ во село Раштани и Објектот бр.2 во Превалец.“

**Член 4**

Во член 44 ставот 1 се менува и гласи:

„Наставниците годишниот одмор го користат за време на летниот распуст на учениците.

Стручните соработници, административните службеници и помошно-техничките лица годишниот одмор го користат согласно општите прописи за работни односи.“

**Член 5**

Другите членови од Статутот на ООУ „Васил Главинов“ Велес остануваат неизменети.

**Член 5**

Оваа статутарна одлука за дополнување на Основниот Статут на ООУ „Васил Главинов“ Велес влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето и на web страната на училиштето, кој ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, а по претходно добиено позитивно мислење од Советот на Општина Велес.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**

**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,**

**Татјана Темелковска**

________________________